# НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА
# РАБОТАТА НА ЕСЕ
# ЗА ПЕРИОДОТ
# ЈУНИ 2006 - МАЈ 2007

ЕСЕ ЕСЕ

## ЗДРУЖЕНИЕ ЗА
## ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ
## И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ НА РМ

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЕСЕ ЗА ПЕРИОДОТ ЈУНИ 2006 – ЈУНИ 2007

**ПРЕГЛЕД:**

Програмската година 2006-2007 како почеток на предвидените активности во рамки на тригодишната програма 2006- 2009, беше одбележана со продолжување на веќе превземените напори во некој од полињата на кои ЕСЕ работи, но исто така беше и обележана со почеток и воведување на прогресивни концепти и идеи.

Работата на ЕСЕ на сите програми беше ориентирана кон утврдување на фактичката положба на жената во различни сфери од живеењето, што подоцна служеше како основа за развивање на потребните политики на национално ниво. Истражувањата за појавата на семејно насилство и пречките со кои Ромите се сретнуваат во здравствениот систем, претходеа на подготовка на документ за акција за Ромско здравје и Националната програма за заштита од семејно насилство. Како и во изминатите пет години, ЕСЕ традиционално продолжи со обезбедување на директни услуги за жените. Работата на Правниот центар и Женскиот здравствен информативен центар, и бројот на клиенти кои добиле услуга, јасно ја истакнуваат потребата од ваков вид на услуги. Во таа насока, ЖЗИЦ ја збогати понудата на услуги со цел да одговори на потребите на жените.

Новиот концепт „Отворени заедници" беше воведен во рамките на програмата „Жени и политика". Овој концепт треба да биде почетна точка, особено ако се земе во предвид имплементацијата на процесот на децентрализација во РМ. Концептот на „Отворени заедници" ќе го доближи поблиску граѓанинот до работата на локалните заедници, со што ќе му обезбеди главна улога во сопствената заедница. Овој концепт ќе ги опфати жените, мажите, руралните жени, жените припаднички на малцинствата и на овој начин ќе служи на својата цел – промовирање на ефективна имплементација на човекови права, вклучувајќи го методот на разновидност, која што сама по себе ќе претставува развојна цел.

Оваа година ЕСЕ превзема бројни активности наменети за прибирање средства користејќи различни техники и методи, како и развивање на односи со можни донори. Телефонска линија за прибирање средства, директно праќање на електронска пошта и поставување на кутии за донација беа користени како техники за прибирање на средства. Некој од нив за прв пат беа користени во земјата. Се донесе предлог стратегија за односи со јавност што ќе служи како основа за градење на силен имиџ на ЕСЕ во јавноста, овозможувајќи на јавноста да ја разбере организацијата, нејзините продукти и услуги кои ги нуди. Истовремено беше развиен и систем за евалуација на постигнувањата на вработените.

За време на овој период на известување, ЕСЕ учествуваше во консултациите за неколку процеси кои се однесуваат на европската интеграција, како што се Multi Annual Indicative Planning Document (MIPD) за периодот 2007-2009, Оперативен план за 2007, првата и четвртата компонента на ИПА и подготовка на JIM (Joint Inclusion Memorandum), кој го иницираше Владата минатата година.

ЕСЕ присуствуваше на состанок со Мрс. Росемарс ДеЦарло, заменик подсекретар за Европа на САД, организиран од УСАИД. На средбата се дискутираше за законската и фискална рамка за работењето на граѓанскиот сектор, оддржливоста на секторот, како и неговата соработка со Владата.

ЕСЕ подготви листа на проблеми на неколку меѓународни договори за човекови права, за кои Владата на РМ известуваше минатата година или ќе известува следната. ЕСЕ ја поднесе листата на проблеми за Меѓународната повелба за економски, социјални и културни права до Комитетот за економски, социјални и културни права. Листа на проблеми беше поднесена и за Меѓународната повелба за граѓански и политички права до Комитетот за човекови права и за Конвенцијата против тортура до Комитетот против тортура.

Оваа година ЕСЕ учествуваше во неколку процеси на национално ниво кои се однесуваат на родовата еднаквост и оддржливоста на граѓанскиот сектор, како што е Националниот акционен план за родова еднаквост и Законот за волонтерство.

Во овој период, се подготвија и се поднесоа 13 дополнителни предлог проекти. Од вкупната бројка на поднесени проекти 6 беа одбиени, 5 прифатени и за 3 предлог проекти сеуште чекаме одговор.

Краток преглед на  спроведените програмски активности во изминатата година:

**ЖЕНСКИ ЧОВЕКОВИ ПРАВА**

Во изминатите години, ЕСЕ превзеде сериозни и континуирани напори за создавање на системски акции од три различни аспекти: обезбедување на правна помош и судско застапување на жртвите на семејно насилство (локални ЦПП); Унификација на граѓанско и казненоправниот систем на заштита од семејно насилство и подготовка на Национална стратегија за заштита семејното насилство.

<u>**Центри за правна помош**</u>

Недостатокот на целосен институционален одговор на проблемот на семејно насилство, го водеше ЕСЕ да работи на заштита на жртвите на семејно насилство. И покрај отварањето на Центарот за правна помош како директен сервис за жртвите на семејно насилство, ние исто така, на крајот на 2003 година отворивме два дополнителни Центри за правна помош, еден во источниот дел и еден во западниот дел на Р.М, во Штип и Тетово соодветно. Концептот на бесплатна правна помош е главната компонента во работата на Центрите за правна помош, кои се стремат да обезбедат бесплатна правна и психосоцијална помош,  како и судско застапување за жртвите на семејно насилство. Жртвите на семејно насилство може да добијат правна помош, која вклучува правни совети, подготовка и компилација на правните документи и бесплатно застапување на суд кое се однесува на граѓанските и казнените процедури. За време на периодот на известување,  342 жени ги користеа услугите на Центрите за правна помош, 292 од нив успеаа да излезат од насилната средина во која живееле, а на 29 им беше овозможено бесплатно судско застапување. Од друга страна, соработката со релевантните институции беше унапредена, т.е. комбинирана формална владина помош со неформалната помош на жртвите од страна на НВО.

**Унификација на граѓанскиот и казнениот систем на заштита**

Покрај фактот на криминализација на феноменот на семејно насилство (Кривичен законик) и од друга страна воведувањето на привремени мерки за заштита (Закон за семејство), сеуште нивната апликација во пракса е на многу незадоволително ниво. Има недостаток од специфични процедури за предложување, изрекување и продолжување на привремените мерки за заштита. Од друга страна, иако остатокот од мерките за заштита не се употребени доволно, бројот на пријавени случаи е шест до десет пати поголем од оние за кои е водена кривична постапка. Исто така, за психолошкото и сексуалното насилство не се води воопшто кривична постапка. Токму затоа ЕСЕ одлучи да ги вклучи сите релевантни фактори во процес кои ги опфаќа следниве две подкомпоненти: унификација на граѓанскиот правен систем, вклучувајќи ја стандардизацијата на услугите понудени од обезбедувачите на услуги и унификација на казнено правниот систем. По однос на унификацијата на граѓанско правниот систем вредно е да се спомене дека оствмаривме цврсто партнерство со МТСП, кои ја препознаа потребата за јасен и прецизен опис на процедурите потребни за имплементацијата на привремените мерки за заштита. Од друга страна, потребата за промени во Законот за семејство по однос на семејното насилство беше исто така истакната. Ова овозможи различни групи на професионалци, подобро да ја разберат нивната улога кога се адресира проблемот на семејно насилство, преку дискутирање за специфичните примери и размена на нивното богато искуство. На работните сесии оддржани во период од една и пол година, се развива унифицирани стандарди кои директно ќе придонесат за надминување на постоечката дискрепанца помеѓу стандардите за работа и многу повеќе, ќе придонесат во унапредување на квалитетот на услугите понудени на жтрвите на семејно насислтво. Развојот на интерни процедури за јавните обвинители и истражните судии, како и практичните прирачници за актерите во казнено правниот систем, ќе имаат директна корист од прецизни интерни насоки и проедури за ефективно и ефикасно проследување на случаите на семејно насилство. Индиректно, широката јавност ќе биде сензитизирана за релевантноста од обезбедување на ефикасен казнен систем за зштита на жртвите на семејно насилство, што понатаму може да води до превенција на овој феномен.

чекорите превземени од страна на владиниот и граѓанскиот сектор во однос на семејното насилство беа главно фокусирани на полето на интервенција и обезбедување на директни услуги. Не постоеше стратешки ориентиран пристап кон проблемот. Република Македонија е во процес на децентрализација. Усвојувањето на стратегијата на национално ниво ќе значи и прифаќање и нејзино имплементирање и на локално ниво. Поради тоа, ЕСЕ спроведе истражување со фокус на застапеноста на семејното насилство (темна бројка), како и одговорот на релевантните институции кон проблемот.

За подготовка на националната програма беше формирана работна група, при што релевантните министерства со нивното активно вклучување демонстрираа волја за воспоставување на стратешки одговор кон проблемот на семејно насилство. Во однос на структурата, следните области од приоритет се вклучени во самата програма: системи за заштита, казненоправен ситем, граѓанскоправен систем, превенција, едукација, собирање на податоци и анализа.

Нагласувакќи ја релевантноста на истражувањето, споредено со првото истражување (2000), физичкото и психолошкото насилство се помалку пријавени, но тоа е незначајно со оглед на фактот дека сеуште секоја жена во Република Македонија е психолошки малтретирана. Позитивно кај новото истражување е тоа дека е поставено на доста широка основа ( во споредба со првото од 2000), вклучувајќи неколку дополнителни компоненти: односот на заедницата кон проблемот, ставови во однос на родовите улоги и финансиска независност на жртвата.

Друга многу значајна димензија во однос на  семејното насилство која за прв пат беше предмет на анализа е институционалниот одговор кон самиот проблем. Земајќи го во предвид фактот дека семејното насилство е законски регулирано од 2004 и препознавајќи ја потребата за проценка на работата на релевантните институции во периодот потоа, посебен дел од истражувањето е деталната анализа на податоците од релевантните институции од граѓанскиот и казнениот систем на заштита во однос на нивното постапување.

Подготовката на Националната програма е инкорпорирано во Националната програма за усвојување на правото на ЕУ на Владата на Р.М. Изразената волја и посветеност на релевантните министерства е значаен чекор за воспоставување на координиран и стратешки одговор кон проблемот

## ЖЕНИ ВО ПОЛИТИКА И ОДЛУЧУВАЧКИ СТРУКТУРИ

Република Македонија се соочува со реформи во полето на делегирање на авторитети и одговорности од централно на локално ниво. Периодот на трансформација поттикна дополнителни напори со цел да се одговори на новиот концепт на локална самоуправа. И покрај овие напори, анализата на член 14 од извештајот во сенка ЦЕДАВ покачува јасно дека руралните жени не се во Владата. Овие жени во голема мера се исклучени од учество во одлучувачките структури на локално, регионално и национално ниво. Државата не превзема напори да ја подобри положбата на жените во руралните средини, што е многу потешка од положбата на жените во урбаните средини. Нема специјализирани програми за промоција на учеството на жените и да се охрабрат да се вклучат во спроведувањето на одредени политички процеси. Долгорочните стратешки определби на ЕСЕ се однесуваат на подигнување на свеста на локалните заедници, да се запознаат со процесот на децентрализација, и да се подигне нивото на соработка помеѓу општините. Токму затоа, оваа година ЕСЕ во рамки на Парламентарните избори направи напори да се подигне степенот на учество на жените на изборите во рамки на сопствените заедници и да започнат со развој на концепт на отворени заедници во рамки на неколку локални заедници.

**<u>На маргините на Парламентарните избори – Јули 2006</u>**

Со оваа програма истовремено работевме на јакнење на граѓаните. Со гласање на изборите, особено на локалните избори, граѓаните користат дел од својата моќ. Ова е кога се одлучува за политичката определба како и кој ќе ги претставува граѓаните на Градските Совети. Главните резултати од овие активности беа: 90 обучени жени со вештини неопходни за влез во политика и одлучувачките структури; 600 двојазични Македонски и Албански постери и лифлети; унапредени капацитети на локално ниво; подигнат степен на учество на жените во одлучувањето на локално ниво во сопствените заедници како и етаблирани јасни односи и соработка помеѓу ЕСЕ, локалните заедници и претставниците од политичките партии. Исто така, работилниците организирани од ЕСЕ успеаа да ја подгинат свеста за постоењето на локална политика, и како да се учествува во локалната политика. Активностите на ЕСЕ исто така доведоа до зголемена соработка и поддршка меѓу жените кандидатки од

политичките партии на локално ниво. На овој начин, ЕСЕ фацилитираше соработка меѓу урбаните жени и идните членови на Парламентот, што исто така гради основа за избраните претставници да соработуваат за решавање на проблемите на локално ниво во иднина.

**Жени и децентрализација**

На маргините на почетокот на концептот "Отворени заедници", ЕСЕ создаде програма за обука и план за обука за целите на децентрализацијата, заедно со претставниците од ЗЕЛС, кои служеа за целите на обука во локалните заедници во Македонија. Идеата за овој план беше да се даде шанса на кандидатите за локалните избори од поголемите политички Македонски и Албански партии во локалните заедници да земат учество и да работат во соработка со вработените во општините или претставниците од политичките партии на локално ниво. Овој концепт беше воведен од претставниците на ЗЕЛС како и од Министерството за локална самоуправа. Ние истакнавме дека луѓето од локалните заедници, а особено жените, се тие кои вистински одлучуваат какви локални влади, национални влади и градски совети ќе се формираат.

Учесниците на локалните обуки во Прилеп, Кочани и Гостивар се здобија со знаење за како да ги инкорпорираат нивните права и интереси во политиките на локално ниво, преку решавање на нивните проблеми во соработка со нивните општински претставници. Македонците, Албанците, Турците, Ромите, Власите, престатвниците на локалните совети претставниците од одделението за родова еднаквост, преставници од локални НВО и членови од политички партии учествуваа во обуката. За оваа цел, 6 жени поминаа обука за обучувачи во три општини во Македонија. Овие обучувачи понатаму испорачаа обуки за 72 учеснички од три општини како индиректни корисннички. Вкупно 600 двојазични постери се подготвија и испечатија на Македонски и Албански, за потребите на овие обуки. Се подигна свеста помеѓу преставниците на општините за процесот на децентрализација, врската помеѓу родот и локалната самоуправа, управувањето со различности како и креирањето на политики во етнички мешани заедници.

## ЖЕНИ И ЗДРАВЈЕ

Процесот на интензивни реформи во здравствениот систем на Р.М. вклучувајќи го моделот на делумна приватизација на примарната здравствена заштита, и плаќањето на докторите во примарната здравствена заштита по глава на пациент, ги стимулираше здравствените професионалци да понудат високо квалитетни здравствени услуги на своите пациенти. Од друга страна, бројот на гинеколози во примарната здравствена заштита (162) наспроти бројот на жени во репродуктивниот период (640.000) го истакнува проблемот на времето кое гинекологот може да го посвети на своите пациенти. Паралелно со ова, процесот на реформи донесе и промени во критериумите за добивање на здравствено осигурување кои влија на здравствениот статус на најризичните групи (жени и Роми), сиромашни и невработени. Во оваа ситуација програмата „Жени и здравје" се стремеше да обезбеди директна помош, но истовремено на повисоко ниво да предизвика промени кои ќе ги земат во обзир потребите на непривилегираните групи. Програмата служеше на жените кои имаат потреба од здравствена информација и директна помош со акцент и поддршка на лицата без здравствено осигурување, невработените и корисниците на социјална помош. На пошироко ниво програмата ја поддржуваше работата на оние кои ги креираат политиките, обезбедувајќи им најнови податоци и идентификувани потреби на целните групи, како и предложени препораки за интервенции со цел да се унапреди женското репродуктивно здравје здравјето на Ромите.

### <u>Женски Здравствен Информативен Центар (ЖЗИЦ)</u>

Резултатите од работата на ЖЗИЦ се 67 клиентки кои добиле совен на теми од репродуктивното здравје или користеле директни услуги. Истовремено успеавме да обезбедиме бесплатни гинеколошки прегледи со ПАП за 40 жени. Компонентата на советување имаше две главни влијанија на жените кои го посетија ЖЗИЦ. Имено, секоја од жените доби совет за својот акутен здравствен проблем или потреба и истовремено работевме на подигање на свеста за важноста на редовни гинеколошки прегледи. Работењето на ЖЗИЦ во претходните две години покажа дека многу клиентки кои го посетиле центарот барале бесплатни лекарства или прегледи. Токму затоа ја вклучивме

компонентатsа на доректна помош за жените кои имаат социјален, здравствен или финансиски незадоволителен статус. Оваа компонента имаше голем успех затоа што имаше двојна корист. Првата беше што им помогнавме на оние жени кои неможат да си дозволат контрацепција, витамини или проверки на крвта а истовремено добија и совети за теми од репродуктивното здравје.

**Унапредување на здравјето на Ромите**

Активностите кои беа превземени во Информативниот центар и со владините институции, вродија со подигање на свеста меѓу ромската популација во шуто Оризари за законските норми врз кои почива правото на здравствено осигурување и во исто време успеавме да ја подигнеме свеста меѓу релевантните институции за важноста на мулти координиран пристап во процесот на олеснување пристапот до здравствено осигурување за ромската популација

Информативниот центар во шуто Оризари го посетиле 380 клиенти, кои добиле информација за законските норми за добивање на здравствено осигурување, од кои 180 се селектирани за директна финансиска поддршка во обезбедување на потребната документација за здравствено осигурување.

На националнио ниво се иницираше Стратешки документ кој се однесува на процесот на надминување на пречките со кои се соочува ромската популација при остварување на здравственото осугурување, вклучувајќи ги сите релевантни фактори (институции кои одредуваат стратегии, невладини организации, МТСП, МЗ, РЗЗЗ, ромска невладина организација – ЦДРИМ)

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ**

Иако странските донори се критични за најголем дел од невладините организации, со нивното повлекување од Македонија во следните години, ние мора да развиеме начин да ги користиме локалните извори на финансирање. Со цел да бидеме препознаени како релевантен партнет меѓу домашните и регионалните организации и институции, со докажан капацитет за носење на промени во општеството, одделението за развој се стреми кон проширување на капацитетот за прибирање сретства на ЕСЕ кон барање на нови и различни пристапи во правец на прибирање сретства, како и приближување на нашата работа кон пошироката јавност. Имајќи во предвид дека комуникацијата со јавноста е екстремно важен аспект на граѓанските органиации, ние вложивме напор да изградиме креативни и консизстентни односи со јавноста, кои ќе бидат корисни за животот на организацијата.

Користевме различни методи и техники во рамки на активностите за прибирање сретства. За време на 16 дена на активност против насилство врз жените, писмо за донација на Македонски и Англиски јазик, беше пратено до сите минати и сегашни поддржувачи на работата на ЕСЕ. Ова беше прв пат во Македонија, невладина организација да користи директо праќање пошта како алатка за барање сресва од индивидуалци и компании. Почнувајќи од оваа година, ЕСЕ започна да ја користи можноста, предвидена со статутот на ЕСЕ (член 32). Имено воведовме плаќање на мала годишна членарина (500 ден). За оваа цел беа подготвени нумерирани членски картички со логото на ЕСЕ и заедно со налогот за уплата беа испратени до сите членови на Генералното Собрание на ЕСЕ. Подготвивме и **информативно писмо** кое ги соддржи информациите за нашата работа и успех и кое по **електронска пошта** го пративме до преку 180 странски организации ширум светот.

За време на кампањата: 16 Дена на Активности против насилство врз жените, со поддршка на Т-Мобиле отворивме телефонска линија за донации. Индивидуалците донираа по 100 денари со праќање на СМС порака. Најважниот момент во праќањето на директна пошта беше нашата одлука да ги адресираме индивидуалците кои имале претходни сознанија за нашата работа, на пр. учесници на минати семинари или настани. Праќањето на директна

пошта резултираше со собирање на преку 55,000.00 ден. Од друга страна, соработката со корпоративни донатори беше иницирана. ЕСЕ со поддршка на Скопски Пазар и неговите маркети низ Скопје, постави кутии за донации во 10 маркети. Поставувањето на кутиите беше пратено со дистрибувија на 20,000 флаери кои имаа за цел промоција на кутиите за донација и телефонската линија. Од кутиите за донации во Скопје, успеавме да собереме преку 21,000.00 денари во период од 6 месеци. Дополнително, со поддршка на Скопски Пазар, кој донираше подароци, организиравме Новогодишна забава за 40 деца на жртви од семејно насилство, клиенти на Правниот центар и оние кои се сместени во центрите за засолнување.

Друга цел во рамки на програмата беше да се унапредат односите со јавност, да се доближи нашата работа до граѓаните, компаниите и институциите во нашата земја, како и регионално, на транспарентен и отчетен начин. Имплементацијата на овогодинешните активности беше одложена поради инцирање на процесот на равој на стратегија за односи со јавност. Со цел да се унапредат стратешките постигнувања, ЕСЕ подготви предлог проект : “Раскажување на нашата приказна” кој се стреми кон зајакнување на нашите односи со јавноста, вклучувајќи ги односите со медиумите преку подготовка на стратегија за односи со јавност. Стратегијата ќе служи како основен документ за превземање на активности кои ќе обезбедат препознатлив имиџ на ЕСЕ во јавноста, овозможувајќи на јавноста да ја разбере работата на организацијата, нејзините продутки и услуги. Со цел да се приближи нашата работа до јавноста од една страна, но и да се подигна јавната свест за проблемот на семејно насилство и постоечките решенија во рамки на формалниот и неформалниот систем на заштита, ЕСЕ продуцираше документарен филм за семејно насилство во Македонија: “Живот во сенка”, кој излезе на Интернационалниот Ден на Жените 8ми март 2007-12-17

И на крај, се воспостави систем за евалуација на работењето на вработените. За оваа цел се подготви прашалник и постапка за нејзино вршење. Подготвениот систем беше елабориран на членовите на Извршниот Одбор, кој го одобрија предложениот систем. Евалуацијата на персоналот според ново усвоениот систем ќе се спроведе во текот на наредната програмска година.

## ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ

Оваа година беше одбележана со превземање на систематски и континуирани чекори кои обезбедување на оддржливоста на ЕСЕ. Во таа насока, за време на периодот на известување, ЕСЕ превзема бројни активности кои влијаеа на три главни компоненти од градењето на капацитетите. Имено, покрај редовното внимание кое се посветува на човечките ресурси и организациониот развој, оваа година ЕСЕ презема сериозни напори за градење на основа за унапредување на својот имиџ и постигнувања меѓу широката јавност.

Сепак, од големо значење е влијанието кое програмските компоненти/активности го имаат врз капацитетите на ЕСЕ. Спроведувањето на предвидените програмски активности или ја потврди неопходноста од нивното спроведување или индицираше одредени модификации.

Спроведувањето на активностите од програмата Женски човекови права ја потврди потребата и важноста на обезбедената правна помош, индицираше потреба за документирање на најтешките случаи на семејно насилство и соработка со канцеларијата на Омбуцманот. Унификација на граѓанскиот и казнениот систем на заштита и програмските активности кои се однесуваат на Националната програма за заштита од семејно насилство ги издигнаа професионалните капацитети на ЕСЕ за водење на вакви комплексни процеси, и истовремено го издигнаа кредибилитетот на ЕСЕ меѓу сите релевантни фактори како водечка организација на полето на семејно насилство. И за двете компоненти, веќе постоечкото партнерство помеѓу МТСП и МВР беше потврдено.

Во рамки на Жени во политика и одлучувачките структури, остварената соработка со градоначалниците, добро обучените службеници, претставниците од различни политички партии на локално ниво, промовирање на концептот на Отворени заедници, силно влијание врз препознавањето на ЕСЕ како организација на локално ниво. Наедно го потпомогна процесотот на децентрализација во Македонија.

Активностите во рамки на програмата Жени и здравје, особена работењето на ЖЗИЦ покажаа дека многу клиенти кои ќе го посетат центарот бараат бесплатни лекарства и прегледи. Исто така се покажа дека прегледите за генералниот здравствен статус на жените и репродуктивното здравје особено се потребни. Програмските активности кои се однесуваат на унапредување на Ромското здравје резултираа во соработка со надлежните за ова прашање од МТСП. Имено, Информативниот центар во шуто Оризари послужи како модел во развивањето на протоколите за работа на полето на здравје и здравствено осигурување, на 8те Информативни центри кои ги отвори Владата на РМ во заедниците каде што живее ромско население.

Развојот на човечките ресурси оваа година се фокусираше на градење и зајакнување на капацитетите на теми поврзани со организацискиот и институционалниот развој, како и на тематски прашања тесно поврзани со програмските компоненти развиени од ЕСЕ. Обуките кои се однесуваат на организациското и институционалното јакнење и развој, главно се рализираа преку фва главни обучувачки пакети понудени на ЕСЕ. Едниот од нив е обезбеден од ИТЗ и УСАИД, во рамки на Civil Society Strenghtening Project (CSSP) а вториот е Capacity Building Training Programme, 2006-2007 од страна на мисијата на ОБСЕ во Скопје. Развојот на човечките капацитети на ЕСЕ покрај гореспоменатото ниво се стремеше и кон градење на личните капацитети на одредени тематски подрачја кои се тесно поврзани со моменталните порограмски определби, или ќе бидат додадени како програмски определби во иднина. Како резултат на тоа, повеќето од тематските обуки беа фокусирани на програмските активности на програмите Женски човекови Права и Жени во политика и одлучувачки структури.

Во насока на организационата поставеност и структура, се оддржаа Генерално Собрание и две средби на Изврашниот Одбор. членарината како новост беше вклучена во овогодинешното Генерално собрание. Одлуката за избор на нов претседател и потпретседател на ЕСЕ беше објавена на Генералното собрание. Токму затоа, на ГС се обратија Г-ѓа Биљана Герасимовска – Китановска, поранешната претседателка на ЕСЕ и Г-ѓа Татјана Темелкоска Миленковиќ, претседателка на ЕСЕ. ЕСЕ ревидираше и усвои некој од својте внатрешни процедури и политики.

Односите со јавност во изминатите години, како и оваа година главно беа водени од реализираните програмски активности, без да се има систематски и конзистентен пристап во нивниот развој. Од тука прозилезе потребата од подготовка на стратегија за односи со јавност. Во изминатата година сите програми имаа комуникација со јавноста. Најмногу настани покриени медиумски во последната година традиционално беа во рамки на кампањата 16 дена на активности против насилство врз жените и славењето на Меѓунродниот ден на жените. ЕСЕ разви драфт стратегија за односи со јавност вклучувајќи ги сите активности од тригодишната програма на ЕСЕ (2006-2009). Стратегијата ќе служи како основен документ за превземање на активности кои ќе обезбедат препознатлив имиџ на ЕСЕ во јавноста, овозможувајќи на јавноста да ја разбере работата на организацијата, нејзините продутки и услуги.

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА**
**РАБОТАТА НА ЕСЕ**
**ЗА ПЕРИОДОТ**
**ЈУНИ 2006 - МАЈ 2007**

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ НА РМ**

**Преглед на планирани приходи и реализирани трошоци по програмски активности 2006-2009**

| I. Трошоци по програми | Планирани во € | Планирани во МКД | Реализирани во МКД 2006-2007 |
|---|---|---|---|
| Програма здравствена едукација | 94.489,00 | 5.795.104,92 | 1.740.246,50 |
| Програма Женски човекови права | 155.774,00 | 9.553.774,80 | 3.791.895,00 |
| Програма учество на жените во политиката и одлучувачките структури | 54.509,00 | 3.343.091,47 | 1.113.523,00 |
| Одделението за развој | 62.276,00 | 3.819.449,35 | 841.615,00 |
| Административни трошоци на канцеларијата | 128.652,00 | 7.890.355,81 | 2.174.047,00 |
| Резерва | 4.300,00 | 263.723,00 | / |
| ВКУПНО | 500.000,00 | 30.665.500,00 | 9.661.326,50 |

| ПРИЛИВИ | |
|---|---|
| **Вкупни приливи во МКД** | **11.553.677,00 МКД** |
| **Приливи во девизи** | **121.650,00 €** |
| **Продажба на девизи** | **7.460.916,00 МКД** |
| **Учество на EED во вкупниот износ на прилив 08.2006-08.2007** | **7.460.916,00 МКД** |
| **Процентуално учество на EED** | **64,58 %** |
| **Непотрошени средства од претходната програмска година** | **/** |
| **Приливи за реализација на програмски активности 2006-2007** | **10.061.754,64 МКД** |
| **Програмски трошоци 2006-2007** | **9.661.326,50 МКД** |
| **Остаток за наредна програмска година (програмски активности)** | **400.428,14 МКД** |

**Извештај за извршен увид во приливот на средства од ЕЕД и нивното трошење во периодот од август 2006 до август 2007 година**

1. Извршен е увид во финансиските извештаи кои се однесуваат на периодот август 2006 до август 2007.Средствата примени од EED (првата транша во рамките на проектот 20060237Г ) предвидени се за трошоци за првата година од Програма за работа (2006-2009). Увидот во документацијата за направените трошоци извршен е за да се даде мислење за финансиските извештаи за овој период. Користејќи ја Македонската законска регулатива, која е во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди се потрудивме да видиме и утврдиме дали финансиските извештаи (планирани и потрошени средства) не содржат материјално значајни грешки и се поткрепени со веродостојни материјални докази. Испитувањата беа спроведени на основа на тест на евиденцијата која ги поддржува износите во финансиските извештаи.

2. Веруваме дека нашиот увид во документацијата претставува разумна основа за нашето мислење.

3. Според нашето мислење, финансиските извештаи даваат вистинска и точна слика за изворите и користењето на средствата од девизната сметка на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ, добиени од EED во рамки на проектот 20060237Г Програма за работа за периодот 2006-2009, во согласност со Меѓународните книговодствени стандарди, Македонската законска регулатива и целите на програмата.

4. Во однос на извештаите за трошоците:

   а) Сите трошоци се направени за спроведување на активностите за реализација на програмските цели, водејќи сметка за економичноста, ефективноста и нивната намена;

   б) Документација е адекватната чувана со цел да ги поткрепи направените трошоци;

   в) Направените трошоци и набавената опрема поткрепени се со договори и фактури.

Скопје, септември 2007 год.

Увидот го изврши:

Горан Цоневски